**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, составен од судиите: С.А.- претседател на советот, Н. Н.и К. З. и В. А. и М.Р.С. - членови на советот, во правната работа на тужителот AB Electrolux, St Goransgatan Goransatan 143 SE-105 45 Stocholm од Шведска, против тужениот Друштво за Производство трговија на големо и мало, услуги спорт и кооперација „Електролукс" ДООЕЛ Битола, за повреда на право на трговска марка, одлучувајќи по ревизијата изјавена од тужениот против пресудата : Апелациониот суд во Битола ТСЖ.бр. 336/03 од 13.01.2010 година. на седницата одржана на 09.02.2011 година, донесе:

**Ревизијата СЕ УСВОЈУВА**:
Пресудата на Апелациониот суд Битола ТСЖ.бр.366/09 од 18.01.2010 година.
*и*пресудата на Основниот суд Битола ПС.бр.348/07 од 24.12.2008 година
**СЕ УКИНУВААТ и предметот се враќа на повторно судење на првостепениот суд (Osnoven Sud Bitola).**

## О б р а з л о ж е н и е

Основиот суд Битола со лресуда ПС.бр.348/07 од 24.12.2008 година, го усвоил тужбеното барање на тужителот и утврдил дека тужениот му го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговските марки Electrolux, подробно наведени во изреката на пресудата и утврдил дека тужениот сторил дело на нелојална конкуренција користејќи туѓа посебна ознака - домеин име www.Electrolux.com.mk Воедно, му се забранува на тужениот да ја користи трговската марка на тужителот, домеинот - името и да нуди производи и услуги означени со трговската марка на тужителот користејќи го името, домеин www.Electrolux.com.mk . како и трговските марки на тужителот наведени во изреката. Задолжен е тужениот да му го пренесе регистрираното домеин име на тужителот зо рок сд 15 дена ло правосилноста на пресудата и да трпи промени зо Регистерот на домеин имиња кои се води од страна на македонската академска истражувачка мрежа МАРНЕТ, како организациона единица во состав на Унизерзитетот „Св.Кирил и Методиј". Задолжен е тужениот по правосилноста на пресудата да ја објави истата трговската марка за идентични и слични производи. Тужениот без дозвола од тужителот за користење на името и трговската марка на тужителот, регистрирал во Република Македонија користел и се промовирал под домеин www.Electrolux.com.mk , со име кое е идентично со името и трговските марки на тужителот, а без согласност од него за склучување на лиценца за користење на неговото име. Со тоа тужениот му го повредил правото на тужителот на заштитената трговска марка и на тој начин сторил акт нелојална конкуренција.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, пониските судови заклучиле дека тужениот му го повредил правото на трговска марка на тужителот и дека тужениот сторил дело на нелојална конкуренција. Основ за вакво одлучувања судовите наоѓаат во одредбата од член 149 став 1 од Законот за индустриска солственост.

Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, основано со ревизијата се укажува дека со конкретниот случај не е јасно како пониските судови утврдиле дека тужениот му го повредил правото на трговска марка на тужителот и сторил дело на нелојална конкуренција. Ова, ако се има предвид околноста на која укажува вештото лице со дадениот вешт наод и мислење дека тужениот работи како сервисна работилница за поправка на електрични апарати каде воопшто не се најдени производи кај кои се користи трговската марка на тужителот „ Electrolux". Имајќи го во предвид наведеното и околноста што според истото вештачење е утврдено дека зо 2007 и 2008 година приходот од основната дејност на тужениот е 0, останува нејасно зо што се состои повредата на трговската марка на тужениот и кои дејствија на тужениот претставуваат акт на нелојална конкуренција, во смисла на член 149 став 1 од Законот за индустриска сопственост.

Пониските судови утврдуваат дека тужениот без дозвола од тужителот го регистрирал и користел домеинот www.electrolux.com.mk и дека на тој начин тужениот свесно и намерно го злоупотебил трговското име и марка на тужителот прикажувајќи го како свое име, на кој начин ги доведува ѕо заблуда просечните потрошувачи, ако се има предид дека тужениот не е сопственик на

заштиената трговска марка и дека очигледно со регистрацијата настојува да го присвои идентитетот на тужителот.

Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, осноэано во ревизијата се укажува дека не е јасно на кој начин тужениот го злоупотребил трговското име и марка на тужителот, ако се има предвид дека тужениот во Република Македонија согласно законските прописи регистрирал домеин www.electrolux.com.mk , а на интернет се рекламирал со македонска кирилица „Електролукс" Битола Македонија под неа англиската транскрипција Electrolux Macedonia. Имено самиот домеин com.mk покажува дека се работи за македонска Фирма која со регистриран домеин се претставува на интеренет страницата, па не е јасно како пониските судови сметаат дека тужениот намерно и свесно го злоупотребил трговското име и марка на тужителот прикажувајќи го како свое име. Ова од поичина што тужаниот има трговската марка за идентични и слични производи. Тужениот без дозвола од тужителот за користење на името и трговската марка на тужителот, регистрирал во Република Македонија користел и се промовирал лод домеин www.electrolux.com.mk со име кое е идентично со името и трговските марки на тужителот, а без согласност од него за склучуање на лиценца за користење на неговото име. Со тоа тужениот му го повредил правото на тужителот на заштитената трговска марка и на тој начин сторил акт нелојална конкуренција

Врз основа на утврдената фактичка состојба, пониските судови заклучиле дека тужениот му го повредил правото на трговска марка на тужителот и деке тужениот сторил дело на нелојална конкуренција. Основ за вакво одлучување судовите наоѓаат во одредбата од член 149 став 1 од Законот за индустриска сопстеност.

Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, основано во ревизијата се укажува дека во конкретниот случај не е јасно како пониските судови утврдиле дека тужениот му го повредил правото на трговска марка на тужителот и сторил дело на нелојална конкуренција. Ова, ако се има предвид околноста на која укажуаа вештото лице во дадениот вешт наод и мислење дека тужениот работи како сервисна работилница за поправка на електрични апарати каде воопшто не се најдени производи кај кои се користи трговската марка на тужителот „ Electrolux". Имајќи го во предвид наведеното и околноста што според истото вештачење е утврдено дека во 2007 и 2008 година приходот од основната дејност на тужениот е 0, останува нејасно во што се состои повредата на трговската марка на тужениот и кои дејствија на тужениот претставуваат акт на нелојална конкуренција, во смисла на член 149 став 1 од Законот за индустриска сспственост.

Пониските судови утврдуваат дека тужениот без дозвола од тужителот го регистрирал и користел домеинот www.electrolux.com.mk и дека на тој начин тужениот свесно и намерно го злоупотебил трговското име и марка на тужителот прикажувајќи го како свое име, на кој начин ги доведува во заблуда просечните потрошувачи, ако се има предид дека тужениот не е сопственик на заштитната трговска марка и дека очигледно со регистрацијата настојува да го присвои идентитетот на тужителот.

Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, основано во ревизијата се укажува дека не е јасно на кој начин тужениот го злоупотребил трговското име и марка на тужителот, ако се има предвид дека тужениот во Република Македонија согласно законските прописи регистрирал домеин www.electrolux.com.mk , а на интернет се рекламирал со македонска кирилица „Електролукс" Битола Македонија под неа англиската транскрипција Electrolux Macedonia. Имено самиот домеин com.mk покажува дека се работи за македонска Фирма која со регистриран домеин се претставува на интернет страницата, па не е јасно како пониските судови сметаат дека тужениот намерно и свесно го злоупотребил трговското име и марка на тужителот прикажувајќи го како свое име. Ова од поичина што тужениот има на свој трошок во дневниот печат и тоа во весникот: „Дневник", како и .на А1 Телевизија, како и на официјалалноит сајт на македонскиот регистратор на интернет под домеин МАРНЕТ. Задолжен е тужениот да му ги надомести парничните трошоци

на тужителот зо износ од 113.209,00 денари, а барањето на тужениот за парничните трошоци е одбиено како неосновано.

Апелацидниот суд Битола со пресуда ТСЖ.бр.366/09 од 13.01.2010 година, ја одбил како неоснована жалбата на тужениот и ја потврдил пресудата на Основниот суд Битола ПС.бр.348/07 од 24.12.2003 година, освен во делот на решението за трошоците. Со решение, под истиот број и датум, уважена е жалбата на тужениот и преиначено е решението за трошоците содржано со пресудата на Основниот суд Битола ПС.бр.348/07 од 24.12.2008 година и одлучено на начин што е задолжен тужениот да му ги надомести на тужителот парничните трошоци во износ од 75.494,00 денари, зо рок од 3 дена по приемот на пресудата. Одбиено е како неоснозано барањето на тужениот да му ги надомести парничните трошоци над досудениот износ, а до бараниот од 113.209,20 дзнари.

Против пресудата на Апелационот суд Битола ревизија изјавил тужениот, поради суштествени повреди на одредбите од Законот за парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиеанита пресуди да се укинат и предметот да се врати на повторно судење на првостепениот суд, или побиваните пресуди да се преиначат на начин што во целост да се одбие тужбеното барање на тужителот како неосновано.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите по предметот и наводите со ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

## Ревизијата е основана.

Основан е ревизискиот навод за сторена суштествена павреда од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка, дека побиеаните пресуди се нејасни, наразбирливи, истите не содржат доволно образложени причини за решителните факти и како такви не можат во целост да се испитаат.

Имено, пониските судови утврдуваат дека тужителот бил странска реномирана фирма за производство на електрични апарати за домаќинство. За територијата на Република Македонија имал регистрирано и бил носител на повеќе трговски фирми „Electrolux" со разни регистарски броеви за соодветни класи.
Согласно Законот за индустриска сопственост, тужителот имал исклучиво право да ги користи трговските марки во прометот со означување на своите стоки и услуги. Исто така имал право да забрани користење во прометот од страна на трети лица без негова согласност, знак кој е идентичен и сличен на законско право да го користи своето име под кое е регистриран.а на интернет го користи своето име на Македонски Јазик напишано на кирилица и преведено на англиски јазик.

Исто така, пониските судови утврдуваат дека тужениот сторил дело на нелојална конкуренција, користејки туѓа посебна ознака - домеин име www.Electrolux.com.mk меѓутоа, во образложението на одлуките пониските судови воопшто не се повикуваат на законскиот основ , односно на одредби од Законот Против нелојална конкуренција, за тоа кои дејствија на тужениот преставуваат акт на нелојална конкуренција. Посебно ако се има предвид дека тужениот никогаш немал произведено, ниту продавал предмет кој го произведува и продава тужителот Electrolux ABB .

Со оглед на наведеното, Врховниот суд на Република Македонија ја усвои ревизијата, пресудите на двата суда ( Основниот Суд Битола и Апелационен Суд Битола) ги укина и предметот го врати на повторно судење на правстепениот суд.

При повторното судење, првостепениот суд ќе треба да ги има предвид погоре наведените укажувања од страна на овој Врховен Суд и другите наводи со ревизијата на тужениот и врз основа на изведените докази и утврдените факти од значење за одлучување да донесе правилна и законита одлука.

Решено зо Врховниот суд на Република Македонија на ден 09.02.2011 година под Рев1.бр.441/2008.

Претседател на советот-
Судија С. А.с.р.

За точноста на отправокот т в р д и: Секретар